FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# „РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА - УСПЕШНА ПРИДОБИВКА?“*

Колку регулаторните тела во Република Македонија успеваат да ги исполнат законските цели за кои се основани, особено во поглед на нивната независност, организациска и функцинална поставеност и ефикасност, е централното прашање кое се елаборира во Анализата „**Регулаторни тела - успешна придобивка?**“

Заради согледување на фактичките состојби со регулаторните тела во правниот систем на Република Македонија, како показатели во Анализата се опфатени девет регулаторни тела и тоа:

- СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
- АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНОТО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ,
- АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ,
- АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО,
- АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕТО,
- АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ,
- АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ,
- РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

Историски, на ниво на Европската Унија, создавањето на регулаторни тела беше со цел овие институции да вршат **контролни работи** во „чувствителните“ области како што се телекомуникациите, енергетиката и медиумите. Покрај вршењето на овие контролни работи, регулаторните тела имаа за цел спречување на злоупотреба на **монополската положба** на компаниите, промовирање **социјална и правична распределба на производите и услугите**, како и обезбедување **сигурност и еколошки стандарди** во регулираните економски сектори.

Поаѓајќи од тие определби и во Република Македонија се формираа **разни видови регулаторни тела** основани како агенции, комисии и совети со различен статусно-правен концепт и со различна извршна моќ во спроведувањето на доделените јавни овластувања. Работата на овие тела во македонската јавност беше проследено со доста нејаснотии, особено во поглед на нивните придобивки за граѓаните и бизнис заедницата.

* овој текст ги претставува сумарните наоди и препораки на анализата која во целосна верзија е достапна тука

# РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ТРЕБА ДА БИДАТ УСТАВНА КАТЕГОРИЈА ВО ПРАВНО ПОПРЕДВИДЛИВА РЕГУЛАТОРНА СРЕДИНА И ЗАКОНОДАВСТВО

За да се согледа какви се **придобивките** од работата на домашните регулаторни тела неопходно е истите да се погледнат од аспект на прописите со кои се регулирани, нивната структурна положба, независноста, статусот на органите, односот со Владата и со Собранието, финансиската и организациската автономија, надлежностите, влијанието и транспарентноста, организациониот пристап, како и правната поставеност и ефективноста.

Како категорија регулаторните тела во Македонија **не се уредени во Уставот на РМ.** Регулаторните тела се **основани и регулирани со закони**, во кои се нагласува и предвидува нивната самостојност и независност. Од сите постоечки тела, со **одлука на Владата** основан е само Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија. Поаѓајќи од уреденоста на другите регулаторни тела на ниво на закон, ваквата поставеност на ова тело фрла сомнеж во неговата независност.

**ПОТРЕБНО Е ДЕФИНИРАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ВО УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КАКО ПОСЕБНА КАТЕГОРИЈА ТЕЛА ПРЕКУ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ОСТВАРУВААТ РЕГУЛАТОРНИ, ОДНОСНО КОНТРОЛНИ ФУНКЦИИ ВО ЕКОНОМСКИТЕ ОБЛАСТИ.**

Во однос на законодавството со кои се уредуваат регулаторните тела, Европската Унија во своите извештаи години наназад потенцира дека **честите измени на законите предизвикуваат правната несигурност** и во таа насока го нагласува значењето на правно попредвидлива регулаторна средина.

# РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ИМААТ РАЗЛИЧНА СТРУКТУРА НА ОРГАНИ И РАЗЛИЧЕН НАЧИН НА ИЗБОР НА СТРУКТУРНИТЕ ОРГАНИ

Иако се дел од постојниот систем на органи на државната власт, регулаторните тела **не претставуваат органи на државната управа**. Регулаторните тела во РМ имаат различно поставена структура на органи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СТРУКТУРА НА ОРГАНИ** | Инокосен орган (директор) и еден колегијален орган (комисија, совет или управен одбор) | Колегијален орган (совет) | Колегијално тело |
| **РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА** | Четири регулаторни тела: Агенција за електронски комуникации, Агенција за цивилно воздухопловство, Агенција за пошти и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Две регулаторни тела: Агенција за супервизија на осигурувањето и Агенција за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување | Три регулаторни тела: Регулаторна комисија за енергетика, Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и Комисија за хартии од вредност |
| **КОМЕНТАР** | Структура може да биде составена од два органи, кои се состојат од еден инокосен орган (директор) и еден колегијален орган (комисија,совет или управен одбор) | Овие регулаторни тела имаат само еден колегијален орган | Овие органи се формирани како колегијално тело |

И изборот на директорот влијае на самостојноста на регулаторното тело. Анализираните тела имаат различни начини на избор на директор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| **НАЧИН НА ИЗБОР НА СТРУКТУРНИТЕ ОРГАНИ** | Директорот се избира по пат на јавен оглас | Колегијалните органи ги предлага собраниската Комисија за прашања за изборите и именувањата | Членовите ги именува Собранието на предлог на Владата или ги именува Владата |
| **РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА** | Четири регулаторни тела:<br><br>Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за поштии Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Три регулаторни тела:<br><br>Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за цивилно воздухопловство и Агенцијата за пошти | Четири регулаторни тела:<br><br>Агенција за супервизија на осигурувањето и Агенција за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за хартии од вредност.<br><br>Во едно регулаторно тело, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, членовите ги именува Владата |
| **КОМЕНТАР** | Директорот го избира (именува) колегијалниот орган на управување (комисијата, управниот одбор, односно советот. Ваквиот начин на поставување на директорот, позитивно влијае на зајакнувањето на независноста на регулаторното тело | Отсуствува транспарентниот процес при именувањето на нивните членови од страна на Собранието | Присутна опасност од политичко влијание врз процесот на нивното именување и несамостојност во извршување на јавните овластувања |

ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ИЗБЕГНУВА ШАБЛОНСКО НОРМИРАЊЕ НА СТРУКТУРАТА НА ОРГАНИТЕ ВО РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА, КАКО И НА УСЛОВИТЕ ЗА НИВНИОТ ИЗБОР ЗА ДА МОЖЕ НА ПОВРШИНА СЕКОГАШ ДА ИСПЛИВУВА ПРОФЕСИОНАЛНОСТА, ЕФИКАСНОСТА И ЕФИКТИВНОСТА ПРИ ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА ОВИЕ ТЕЛА, А СПОРЕД ПРАВИЛАТА И НАСОКИТЕ КОИ ПОСТОЈАТ ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕУ. ПОТРЕБНО Е НОРМАТИВНО ДА СЕ ЗАЈАКНЕ ПРАВИЧНОСТА И ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ИЗБОРОТ НА РАКОВОДНИТЕ И УПРАВНИТЕ ОРГАНИ ВО РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА, ВО ФУНКЦИЈА НА НИВНА ЦЕЛОСНА ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА, А ВО НАСОКА НА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКОТО ВЛИЈАНИЕ ОД ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ. ВО ТАА НАСОКА, ПОТРЕБНО Е ГРАДЕЊЕ НА ЗАКОНСКИ ПРЕДИСПОЗИЦИИ ЗА ДОМИНАНТНА ПОЗИЦИЈА НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ВО УРЕДУВАЊЕТО НА ОДНОСИТЕ ВО ДАДЕНИТЕ ЕКОНОМСКИ ОБЛАСТИ, ЗА ДА СЕ МИНИМИЗИРА ПОСТОЈАНОТО НАСТОЈУВАЊЕ НА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ДА СЕ НАМЕТНЕ ПРИ РЕГУЛИРАЊЕТО НА „ПРАВИЛАТА НА ИГРА“ ВО ТИЕ ЕКОНОМСКИ ОБЛАСТИ.

## ЗА ПРОФЕСИОНАЛНОСТА НА РЕГУЛАТОРНОТО ТЕЛО ГОВОРИ И ТРАЕЊЕТО НА МАНДАТОТОТ НА ОРГАНОТ КОЈ РАКОВОДИ СО НЕГО

Исто така, потребно е егзактното законско определување на случаите кога директорот **може да биде разрешен**, бидејќи со тоа се исклучува можноста директорот да биде разрешен во секое време, без никакво образложение од страна на основачот на телото (Владата или Собранието).

Важно прашање за професионалноста на едно регулаторно тело е и траењето на **мандатотот** на директорот кој раководи со него, како и прашањето за тоа колку пати може да биде обновен неговиот мандат, но и мандатот на членовите на колегијалниот орган, бидејќи во материјалните закони само е утврдена „можноста за реизбор".

Со ваквиот пристап, практично секогаш може да се доведе во прашање независноста на тие регулаторни тела, бидејќи членовите на колегијалните органи за да ги задржат своите „загарантирани" функции (да бидат реизбрани) постојано ќе можат да излегуваат во пресрет на барањата и потребите, како на политичките фактори во Собранието и во Владата, така и на самите компании кои имаат најголема улога во економската област.

## ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ КАКО ПОКАЗАТЕЛ ЗА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА

Препорачливо е релациите на регулаторните тела со Владата или/и со Собранието да се сведат на **информативно ниво**, со цел само да ги запознаваат телата за своите активности и за состојбите во регулираната економска област.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПОДНЕСУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ** | Годишниот извештај се поднесува до Собранието на РМ на разгледување | Годишниот извештај се поднесува до Собранието на РМ на усвојување | Годишниот извештај се поднесува до Владата на РМ на усвојување |
| **РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА** | Три регулаторни тела: Агенцијата за пошти,Агенцијата за електронски комуникации и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Пет регулаторни тела: Агенцијата за супервизија наосигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Регулаторната комисија за енергетика и Комисијата за хартии од вредност | Едно регулаторно тело: Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија |
| **КОМЕНТАР** | Се обезбедува повисоко ниво на независност на регулаторното тело | Степенот на независноста на овие регулаторни тела е намален | Регулаторното тело е потчинето и зависи од извршната власт |

# ФИНАНСИСКА И ОРГАНИЗАЦИСКА АВТОНОМИЈА – ФАКТОР ЗА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА

Важно за независноста на регулаторните тела е нивната **финансиска и организациска автономија** определена со материјалните закони. *За речиси сите регулаторни тела* се предвидени **надворешни** извори на приходи, односно тие тела своето работење претежно го финансираат од средствата остварени од приходите од разни надоместоци што ги наплаќаат од компаниите кои егзистираат во регулираната економска област. Ваквите законски решенија би требало да ја обезбедат нивната независност и да ги сместат надвор од буџетскиот систем.

Кај некои тела може да се почувствува и **влијанието на извршната власт**. Единствено регулаторно тело што се финансира од **буџетот на Република Македонија**, и покрај тоа што остварува и други приходи во текот на своето работење, е *Советот за унапредување и надзор на ревизијата.*

Кај *Комисијата за хартии од вредност* и кај *Агенцијата за електронски комуникации*, тоа влијание доаѓа до израз, од една страна, преку **механизмите за давање согласност за висината на утврдените надоместоци**, а од друга страна, преку начинот на кој се користат средствата од остварениот вишок приходи. Во последниот Извештај на Европската комисија од 2016 година За АЕК посебно е констатирано и нотирано следново:

> **„РЕВИЗИЈАТА, ИСТО ТАКА, СУГЕРИРАШЕ ДЕКА РЕГУЛАТОРОТ КОРИСТИ 45 % ОД ВИШОКОТ НА СВОИТЕ СРЕДСТВА ЗА ЦЕЛИ РАЗЛИЧНИ ОД РАЗВОЈОТ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ, СО ШТО БИ БИЛО СПРОТИВНО НА СВОЈОТ МАНДАТ. ОСТАНУВААТ НЕКОИ ПРОБЛЕМИ ЗА НЕГОВАТА СПОСОБНОСТ ДА ПОСТАПУВА НЕЗАВИСНО И ТРЕБА ДА СЕ ОТСТРАНАТ НЕГОВИТЕ ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ ЗА ДОНИРАЊЕ.“**

Од аспект на контролата на буџетот, повеќето од регулаторните тела во нивното работење ги користат **инструментите за ревизија**, при што ревидираните финансиски извештаи, по правило, ги доставуваат на усвојување до Собранието.

**ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ВОСПОСТАВАТ ЈАСНИ ЗАКОНСКИ НОРМИ ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА, ОД АСПЕКТ НА АРАНЖИРАЊЕ НА НИВНАТА ОРГАНИЗАЦИСКА И ФИНАНСИСКА САМОСТОЈНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ ЗА ДА СЕ НАМАЛИ ЧЕСТОТО ИМПРОВИЗИРАЊЕ ПРИ ПРОЦЕСИТЕ НА НИВНОТО КРЕИРАЊЕ ОД СТРАНА НА РАЗЛИЧНИТЕ АКТЕРИ КОИ ЈА СОЧИНУВААТ ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ.**

**ИСТО ТАКА, ПОТРЕБНО Е ЦЕЛОСНО ДА СЕ ОТСТРАНИ ВЛИЈАНИЕТО НА ИЗВРШНАТА ВЛАСТ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА. ВОЕДНО, ПОТРЕБНО Е ДА СЕ МИНИМИЗИРААТ РЕЛАЦИИТЕ СО ЗАКОНОДАВНАТА И СО ИЗВРШНАТА ВЛАСТ, СО ЦЕЛ РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ДА МОЖАТ,ВО ВИСТИНСКА СМИСЛА НА ЗБОРОТ, САМОСТОЈНО И НЕЗАВИСНО ДА ГИ ИЗВРШУВААТ СВОИТЕ ФУНКЦИИ, ПРИ ШТО САМО ЌЕ ГИ ЗАПОЗНАВААТ ЗА СВОИТЕ АКТИВНОСТИ И ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО РЕГУЛИРАНИТЕ ЕКОНОМСКИ ОБЛАСТИ.**

# ВЛИЈАНИЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во однос на **влијанието и транспарентноста** на регулаторните тела, постои само **формално** исполнување на законските задолженија за обезбедување јавност и транспарентност во работењето на телата. Потребно е да постои посериозен пристап на телата кон оваа обврска, а во функцијата на **анимирање и активирање** на сите заинтересираните страни и на јавноста за поуспешно унапредување на состојбите во дадените економски области.

Речиси сите регулаторни тела примаат разни **претставки, поплаки или приговори**, при што во нивните годишни извештаи за работењето може да се види дека кон тие дописи е пристапено само како **„гола" статистика**, без потемелна опсервација и анализа од аспект на нивната оправданост. Потребно е регулаторните тела **задолжително да вршат проценка** на добиените претставки, поплаки или приговори од страна на граѓаните за да може квалитетот на услугите да се подигне на повисоко ниво.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИТЕ** | Регулирано со сопствен подзаконски акт | Унифицирана форма во која се поднесува претставката | Без пропишан и стандардизирани обрасци за поднесување претставка |
| **РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА** | Две регулаторни тела: Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Агенцијата за супервизија на осигурувањето | Едно регулаторно тело: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Осум регулаторни тела: Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за пошти, Регулаторната комисија за енергетика и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија |
| **КОМЕНТАР** | Другите тела во своето работење со претставките ги применуваат подзаконските акти донесени во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози | Достапна и во електронска форма на неговата веб-страница | Потребно е воведување еднообразни формулари за отворено, разбирливо и лесно контактирање со граѓаните |

**ПОТРЕБНО Е ПОВТОРНО ДА СЕ ОВОЗМОЖИ РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА САМОСТОЈНО ДА ЈА ВОДАТ КАДРОВСКАТА ПОЛИТИКА, СПОРЕД ОДНАПРЕД УТВРДЕНИТЕ ПОЛИТИКИ ВО МАТЕРИЈАЛНИТЕ ЗАКОНИ.**

**ПОТРЕБНО Е ДОНЕСУВАЊЕ И ПРИМЕНУВАЊЕ ТРАНСПАРЕНТНА ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА СО КОЈА ЌЕ СЕ УТВРДИ РЕДОСЛЕДОТ НА ДЕЈСТВИЈА ШТО ЌЕ СЕ ПРЕЗЕМААТ ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СЛУЧАЈ НА ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ ИЛИ ПРИГОВОРИ; ВОВЕДУВАЊЕ ЕДНООБРАЗНИ ФОРМУЛАРИ ЗА ОТВОРЕНО, РАЗБИРЛИВО И ЛЕСНО КОНТАКТИРАЊЕ СО ГРАЃАНИТЕ И ЦЕЛОСНО ПРИФАЌАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО КОМУНИЦИРАЊЕ СО ГРАЃАНИТЕ ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕТО ПРЕТСТАВКИ, ПОПЛАКИ ИЛИ ПРИГОВОРИИ ОДГОВАРАЊЕ ПО ИСТИТЕ. СЛЕДСТВЕНО НА ОВА, КАКО ДОБРА ПРАКТИКА БИ МОЖЕЛО ДА СЕ ПРЕПОРАЧА И ДОНЕСУВАЊЕТО И СТРАТЕГИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА.**

# РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ПРЕЗЕМАЛЕ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ

**Од 2011 до 2015 година**, период кој е предмет на Анализата „Регулаторни тела - успешна придобивка?" **бројот на поднесените претставки, поплаки или приговори варира** (од една крајност до друга), во зависност од скроените пазарни услови кои постојат во економската област, односно од „актуелноста" на самото регулаторно тело.

*Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Регулаторната комисија за енергетика* имаат амплитудно движење на бројот на поднесените претставки, поплаки или приговори за овој петгодишен период, при што просечниот годишен прилив се движи меѓу **172, односно 87 преписки**.

*Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Агенцијата за пошти* годишно имаат обичен (тековен) прилив на поднесени претставки, поплаки или приговори, кој изнесува просечно **24, односно 19**, во зависност од воспоставените односи во економската област. *Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и Агенцијата за електронски комуникации* имаат **симболичен број** примени претставки, односно во одредени години воопшто немаат примено такви преписки.

Во анализираниот период од 2011 до 2015 година се забележува дека **некои регулаторни тела** *(Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, Регулаторната комисија за енергетика и Агенцијата за пошти*), со мали отстапки, **претставките, поплаките или приговорите ги решиле во корист на граѓаните.**

Дијапазонот на преземени мерки од страна на регулаторните тела, во однос на поднесените претставки, поплаки или приговори, се движи во границите на **превентивните мерки** и **репресивните мерки**. Повеќето регулаторни тела *(Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Регулаторната комисија за енергетика*) **немаат поведено инспекциски, односно прекршочни постапки** во однос на поднесените претставки, поплаки или приговори од страна на граѓаните, при што едно тело *(Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија)* **нема прецизна евиденција** за тоа колку од поднесените претставки се поведени инспекциски и/или прекршочни постапки, а други две тела *(Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Агенцијата за пошти)* по правило, **при постоење на индикации, поведувале инспекциска, односно прекршочна постапка,** според надлежностите утврдени со нивниот материјален закон.

Исто така, во однос на просечното траење на постапувањето по поднесените претставки, поплаки или приговори од граѓаните, може да се констатира дека речиси сите регулаторни тела *(Регулаторната комисија за енергетика, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Агенцијата за супервизија на осигурувањето)* само го навеле рокот определен во Законот за постапување по претставките и предлозите (**15 дена**), а три регулаторни тела (*Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за пошти и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*) го навеле просечниот период на постапување, кој се движел од **10 дена до 35 дена**,во зависност од сложеноста на материјата содржана во претставките, поплаките или приговорите

**ПОТРЕБНО Е ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И НА ЈАВНОСТА ВО ВРШЕЊЕТО НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ФУНКЦИИ ОД СТРАНА НА РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ВО ДАДЕНИТЕ ЕКОНОМСКИ ОБЛАСТИ, А СО ЕДИНСТВЕНА ЦЕЛ РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ВО ВИСТИНСКА СМИСЛА НА ЗБОРОТ ДА БИДАТ ЗАШТИТНИК НА ГРАЃАНИТЕ (ПОТРОШУВАЧИТЕ) ОД РАЗЛИЧНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ГРУПИ КОИ СЕ ПОЈАВУВААТ И ЕГЗИСТИРААТ ВО ТИЕ ОБЛАСТИ.**